## Прилог II-Образец за подготовка на наставна програма за слободен изборен предмет

**Слободен изборен предмет:  Фотографија**

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

**Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следното подрачје:  VIII.Уметничко изразување и култура**

*Ученикот/ученичката знае  и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VIII-A.1 | Да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата |
| VIII-A.2 | Да ги идентификува различните манифестации н апопуларната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности |
| VIII-A.3 | Да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни) |
| V-A.4 | Да прави процена на сопствените способности  и  постигања  (вклучувајќи ги силните и Слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и  напредување. |
| V-A.5 | Да ги препознава емоциите кај себеси  и  кај другите,  да ги согледа последиците  од Сопствените емоционални реакции во различни ситуациии  да користи соодветни стратегии за справување со емоциите. |
| IV-A.1 | Да ги истражува  и  споредува можностите на познати  и  новидигитални уреди И самостојно да процени,одбере и да ги користи тие што се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација. |
| IV-A.12 | Да истражува можности за користење на различни модели и симулации,комбинирање статични и динамички претставувања,  звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и заопределена публика. |

| | |
|---|---|
| VII-А.1 | Да ги поврзува сознанијата од науките со нивната примена во техниката и технологијата и сосекојдневниот живот. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VIII-Б.1 | Уметноста  и  другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање  и  менување на светот |
| VIII-Б.3 | Почитувањето  и  промовирањето на сопствената култура придонесува зајакнење на културниот идентитет  и  дигнитет |
| V-Б.3 | Сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува. |
| V-Б.6 | Успехот во животот,  во голема мера,  зависи од целите што ќе си ги постави,  а  од начинот на кој ќе ги планира активностите и Ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста  и  ефективноста во остварувањето на поставените цели. |
| IV-Б.1 | Дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење-го олеснува учењето,  животот  и  работата,<br>Придонесува за проширување на комуникацијата,  за  креативност и иновативност,нуди разни можности за забава. |
| IV-Б.6 | Мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи. |
| VII-Б.2 | Успешните идеи коишто водат кон лични,социјални<br>И финансиски придобивки се резултат на креативност,иницијативност,посветеност и истрајност. |

**Наставнатапрограмавклучуварелевантникомпетенциии одследнитеподрачја: (I)Јазична писменост, (V) Личен и социјален развој, (VII)**

*Ученикот/ученичкатазнае  и/илиумее:*

| | |
|---|---|
| VIII-А.1 | Да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата |
| VIII-А.2 | Да ги идентификува различните манифестации на популарната култура  и  нивното влијание врз развојот на естетските вредности |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VIII-Б.1 | уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува зајакнење на културниот идентитет и дигнитет |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема1.Историја на фотографија**

Вкупно часови: 3часа

***Знаења/вештини:***

- Открива како настанала фотографијата
- Свесен е за разликата меѓу фотографија на филм и дигитална фотографија
- Опишува како дошло до идејата за фотографија
- Проценува правилно како да користи дигитален фотоапарат
- Толкува зошто и како се прават почетничките грешки во фотографирање

***Ставови/вредности:***

- Ја прифаќа важноста на фотографијата како медиум
- Подготвен/а е да презема активности со кои ќе ја надгради својата естетска визија
- Разбира дека фотографијата е средство преку кое може да се влијае на изразување на културните вредности на еден народ
- Почитува светски познати фотографи, кои третираат разни теми во уметничката фотографија

| ***Содржини (и поими) ибрј на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| • Историја на фотографија<br><br>(хелиограм, филм, дигитален сензор, фотографија, камера обскура, калотипија, да геротипија)<br>број на часови:3 | • Учениците гледаат кратки видеоинсерти, клипови,илустрации и фотографии од развојот на фотографијата од најстаро време до денес<br>• Учениците, поделени во мали групи, истражуваат за личности кои придонеле за создавањето на современата фотографија.<br>• Наставникот организира квиз (со прашања со повеќе член избор) за историјата на фотографијата ипо одговарањето на секое прашање ги презентира точните одговори преку илустрации и/или графикони. Доколку е можно, квизот може да се реализира преку апликацијата<br>mentimeter.com. |
| • Почетнички грешки<br><br>(хоризонт, ампутација, фокусна оштрина)<br>Број на часови:1 | • Учениците креираат албум од фотографии (во хартиена или електронска форма), проследени со кус текст, преку кој презентираат најразлични фотографии од архитектура, хортикултура, портрети, обичаи, модна фотографија кои на нив им се допаѓаат и зошто им се допаѓаат<br><br>• Учениците, поделени во неколку групи,<br>Подготвуваат мултимедијална презентација наследнит етеми: 1)Визуелни поубави фотографии одтипични куќи и згради кај нас; 2) Најкарактеристични типови на портрети и традиционални облеки; |

| | |
|---|---|
| | • Наставникот ја презентира проекцијата за лошо отсликаните фотографии,по што отвора дискусија со учениците за начинот на перципирање на добрата и коректно отсликана фотографија, врз основа на нивните презентации. |

| |
|---|
| **Тема2. Основи во фотографија**<br>Вкупно часови: 10часа |
| ***Знаења/вештини:*** |
| • Објаснува како фунционира и со, бленда и експозиција<br>• Проценува како да чита фотографија по правило на третини<br>• Опишува за резултатите и вредностите од различни вредности на користење на исо, бленда и експозиција. |

| | |
|---|---|
| ***Ставови/вредности:*** | |
| • Разбира дека со користење на светлината може да создаде емотивно повлијателна фотографија<br>• Превзема активности за користиње на разни вредности на исо, бленда и експозиција, во изразување на своите идеи. | |
| ***Содржини (и поими) и бројначасови*** | ***Примери на активности:*** |
| • ИСО<br><br>(iso, asa, гранулација, осетливост на филм/сензор)<br>бројначасови:2 | • Наставникот преку кратко видео им демонстрира на учениците за вредностите на ИСО, нивната употреба и важност за креирање чиста фотографија, или фотографија со гранулација.<br>• Учениците, поделени во мали групи отсликуваат наизменично фотографии со ниски вредности наисо и со високи вредности на исо. Фотографии со многу светло и фотографии со најмало количество светлина. Се споредуваат резултатите и се дискутира кога би било пожелно да се |

| | |
|---|---|
| | користат таквите различни вредности. |
| • Бленда<br><br>(отворена бленда, затворена бленда, длабинска оштрина, блурирање)<br>бројначасови:2<br><br>• Експозиција<br><br>(експозиција, заматена и замрзната фотографија)<br>бројначасови:2 | • Наставникот преку кратко видео им демонстрира на учениците за поимот бленда, ефектите од користење отворена и затворена бленда, употребата и важноста за креирање видлива фотографија, или заматена фотографија.<br>• Учениците, поделени во неколку групи, фотографираат фотографии со длабинска оштрина и со заматена позадина, потоа подготвуваатпрезентацијаза да ги истакнат своите идеи и начини на фотографирање користејжи отворена или затворена бленда.<br>• Наставникот преку кратко видео им демонстрира на учениците за поимот експозиција, употреба и важност за креирање фотографија со заматено движење и скаменето движење.<br>• Учениците, поделени во мали групи отсликуваат наизменично фотографии со движење, ниски вредности на експозиција и со високи вредности на експозиција, ефект на скаменување. Фотографии со многу движење и скаменето движење на фотографии. Прават краток филм со таквите фотографии и ги објаснуваат истите на останатите групи. Се споредуваат резултатите и се дискутира кога би било пожелно да се користат таквите различни вредности |

**Тема3.Елементи во композиција**

Вкупно часови: 11часа

***Знаења/вештини:***

- Наведува за разликата меѓу ладни бои и топли бои
- Идентификува разни видови на текстура (мазна, рапава)
- Наоѓа врски во околината со хоризонтална, вертикална, дијагонална линија
- Проценува кога и како да вметне различни форми при фотографирање предмети

***Ставови/вредности:***

| | |
|---|---|
| • Верува дека преку фотографирање може да се претстават различни типови на луѓе, култури, традиции и сл.<br>• Ја прифаќа важноста на користење топли и ладни бои при претставување на емоција<br>• Разбира дека со користење на разни бои во фотографијата ја презентира својата култура и идентитет во светот | |
| ***Содржини (и поими) и бројначасови*** | ***Примери н аактивности:*** |
| • Форма<br><br>(композиција, геометриски форми, органски форми)<br>бројначасови:3 | • Учениците фотографираат мотив на мртва природа со различни плодови,<br>При што акцент се става на разните форми, соодносот на големините, пропорцијата и волуменот.<br>• Учениците, поделени во мали групи фотографиираат фотографии со геометриски форми, органски форми, користејќи светло од повеќе агли. Потоа се дискутира за разните ефекти од користење насветлост од различни страни и ефектот при креирање на форми<br>• Наставникот им дели на учениците најралични предмети од кујна, вилушки, чаши, солничиња, рамки за слики и бара од учениците да создадат интересно фотографско дело користејќи најмалку 3 различни форми. |
| • Боја<br><br>(топли бои, ладни бои, комплементарни бои)<br>бројначасови:3<br><br><br><br><br>• Линија<br><br>(вертикална линија, хоризонтална линија, дијагонална линија, крива линија, водечка линија)<br>бројначасови:4 | • Наставникот преку кратко видео им демонстрира на учениците за користењето на разни бои и разните ефекти при користење на тие бои кај гледачите.<br>• Учениците, поделени во неколку групи, фотографираат фотографии во кои се прикажани самотопли бои, само ладни бои, комплементарни бои.<br>• Учениците изработуваат композиција со мотив есен и есенски листови,применувајќи тонска градација на боите во своите фотографии<br>• Учениците прават кратка презентација од направените фотографии и се дискутира за саканиот ефект кај истите.<br>• Наставникот преку кратко видео им демонстрира на учениците за хоризонталните линии користени во фотографија, како и ефектот кој го имаат тие врз менталниот поглед кај гледачот.<br>• Учениците фотографиираат само хоризонтални линии со најразлични теми, архитектура, облека, луѓе и сл. Прават презентавија и ја презнетираат пред останатите ученици.<br>• Натавникот преку кратко виде им посочува какво влијание имаат вертикалните линии во фотографијата, акко да ги користат и каде најчесто се наоѓаат. |

| | |
|---|---|
| | • Учениците фотографираат само вертикални линии, на луѓе, дрвја, столбови, и потоа ги презентираат пред останатите ученици. Се дискутира за влијанието и естетската вредност на самите фотографии.<br>• Наставникот преку кратко видео им демонстрира на учениците за дијагоналните, кривите и водечките линии користени во фотографија, како и ефектот кој го имаат тие врз менталниот поглед кај гледачот.<br>• Учениците бараат на интернет најинтерсни фотографии од светски познати фотографи кои користеле дијагонални и водечки линии и истите пото а пробуваме да ги ископираме користјќии ги мобилните телефони. |

**Тема 4.Принципи во композиција**

Вкупно часови: 8часа

***Знаења/вештини:***

- Свесен е за разликата меѓу тон и боја
- Идентификува контарст во фотографиите на боја, форма и сл.
- Опишува разлика меѓу баланс и хармонија
- Наведува како може да претстави повторување, а да биде убаво за гледачот.

***Ставови/вредности:***

- Почитува фотогорафии преку кои се согледува убавината во различноста кај луѓето
- Има критички ставкон естетските фотографски дела
- Разбира дек афотографијата е моќно средство за учење и запознавање на различните култури
- Се залага за промовирање на разните култури во својата држава
- Вреднува сопствена фотографија или фотографија на соученик од аспект на примена на ликовните елементи и принципи кои ги усвоил

| ***Содржини (и поими) и бројначасови*** | ***Примери н аактивности:*** |
|---|---|
| • Хармонија<br><br>(хармонија, баланс, радијален баланс, асиметричен баланс, симетричен баланс)<br>број на часови:2 | • Наставникот објаснува за принципите во композиција, преку презентација, илустрации ифотографии им доловува на учениците како да преопознаат хармонија и баланс, и што претставуваат самите поими<br>• Учениците фотографиираат по пример на познати дела од фотографската уметност (Авадон, Ансел Адамс и др.) со примена на хармонија на бои и плоштини |
| • Ритам<br><br>(ритам)<br>Број на часови:1<br><br>• Контраст | • Учениците креираат албум од фотографии (во хартиена или електронска форма), Проследени со кус текст, преку кој презентираат најразлични фотографии од ритам, кои на нив им седопаѓаат и зошто им се допаѓаат<br>• Учениците користат ритам на бои и форми при фотографирање на мотив игра<br>• Наставникот организира квиз (со прашања со повеќечлен избор) за познатите фотографски имиња ипринципите кои тие ги користат во тие дела и поо дговарањето на секое прашање ги презентира точните одговори преку илустрации<br>и/или графикони. Доколку е можно, квизот може да се реализира преку апликацијата mentimeter.com.<br>• Учениците го истражуваат односот на контрасти преку боја и преку форма, изработувајќи фотографии<br>Според традиционална народна носија од различни етнички заедници од нашата држава со мобилен или апарат |

| | |
|---|---|
| (контраст) број на часови:1 | • Наставникот отвора дискусија за влијанието на принципите во фотографијата и како ние да ги користиме во подобрување на нивните фотографии за промоција на нашата култура во светот. |

Изготвил:

Марина Атанасовиќ – наставник

во ООУ „Кочо Рацин“ - Куманово

Адаптирал:

Рената Тодороска Ѓорѓиевска - наставник

во ООУ ,,Александар Македонски'' - Скопје